НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

„ПРОФЕСИОНАЛНА ТАЈНА"

Сектор за супервизија

ПТ Бр. 02-34218/1

Скопје, 17 октомври 2023 година

**До**
**сите овластени менувачи**

**- на внимание на одговорните лица на овластените менувачи**

**Предмет:** Известување за нова Одлука за менувачките работи

Почитувани,

Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе нова Одлука за менувачките работи, којашто е објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 212/23. Одлуката за менувачките работи влегува во сила и ќе се применува од 18 октомври 2023 година. На денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Одлуката за менувачки работи („Службен весник на Република Македонија" бр. 127/12, 42/14, 42/16, 184/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 198/21 и 70/22).

Со новата Одлука за менувачките работи, се воведува **„концептот на соработник"** за одговорното лице (управителот/ите) на подносителот на барањето за добивање дозвола за вршење менувачки работи поради усогласување со член 153 од *Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/2022). Под „соработник", Одлуката за менувачките работи подразбира физичко лице коешто заедно со физичкото лице кое е одговорно лице на подносителот на барањето, директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво. Има и промена во критериумите кои треба да ги исполни одговорното лице на подносителот на барањето за добивање дозвола за вршење менувачки работи и доказот за неосудуваност кој во претходната Одлука беше поврзан само со кривични дела од областа на финансиите сега е заменет со **доказ од надлежен суд/институција дека против него не е изречена правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата**. Доколку одговорното лице има соработник, треба да се обезбеди/достави овој доказ и за соработникот.

Исто така, со новата Одлука за менувачките работи подетално се регулираат роковите во кои овластениот менувач е должен да ја извести Народната банка и соодветна документација која треба да ја достави за промена на некои од условите по

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-253
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-309
**www.nbrm.mk**

кои е издадена дозволата за вршење менувачки работи. ***Значајна новина е тоа што овластениот менувач ќе треба да ја извести Народната банка пред да направи промена на податокот за одговорното лице.*** Од друга страна, Народната банка, во рок од 15 (петнаесет) работни дена од приемот на известувањето и доставената и обезбедената документација ќе го извести овластениот менувач дека може да ја направи промената во Централниот регистар на Република Северна Македонија. Но, доколку врз основа на известувањето и доставената и обезбедената документација се утврди дека лицето коешто треба да биде одговорно лице на овластениот менувач не ги исполнува соодветните услови од оваа одлука, Народната банка ќе го извести овластениот менувач во рок од 15 (петнаесет) работни дена дека е потребно во рок од 30 (триесет) дена да достави известување и документација за ново лице коешто ќе ги исполнува условите од оваа одлука. Оваа измена, практично значи дека овластените менувачи не смеат да направат промена на податокот за одговорното лице (управителот) пред да ја известат Народната банка и пред да добијат повратно известување од Народната банка дека може да ја направат оваа промена во Централниот регистар.

Во делот за начинот на вршење на менувачките работи, останува обврската овластениот менувач да не чува готовина на благајничкото место којашто не потекнува од вршење менувачки работи. Но, ***се предвидува можност овластените лица коишто вршат менувачки работи, на менувачкото место да чуваат своја готовина, во денари или странска валута, најмногу во износ од 6.000,00 денари во денарска противвредност по лице (лични средства).***

***Се определува нова обврска за овластениот менувач да достави известување до Народната банка за секој прекин во вршењето на менувачкото работење.*** **За докажување на оправданоста на прекинот во вршењето на менувачкото работење, потребно е овластениот менувач да приложи соодветна документација.** Притоа, доколку документацијата што се приложува содржи лични податоци за одговорното лице или овластеното лице, се приложува и писмена изјава од субјектот на личните податоци, со која се изразува неговата согласност за обработка на неговите лични податоци за конкретната цел, заверена од овластено лице (нотар).

Со цел да се обезбеди исполнување на новите критериуми од сите овластени менувачи, Одлуката предвидува овластените менувачи коишто на денот на влегувањето во сила на оваа одлука имаат добиено дозвола за вршење менувачки работи, **најдоцна до 30 јуни 2024 година** до Народната банка да ги достават следните податоци и документи:

- Име и презиме, место и датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење, број на телефон, датум на издавање и рок на важење на личната карта и државјанство на физичкото лице резидент кое е одговорно лице на правното лице. За физичкото лице нерезидент коешто е одговорно лице, потребно е да се доставаат податоци за име и презиме, место и датум на раѓање, матичен број, адреса на престојот во Република Северна Македонија, број на телефон, датум и место на издавање, рок на важење и број на дозволата за престој и државјанство;
- Извод од Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица за Друштвото, не постар од 1 (еден) месец пред денот на доставувањето;
- Доказ од надлежен орган дека против одговорното лице на правното лице не е изречена прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност, не постар од 6 (шест) месеци пред денот на доставувањето;
- Изјава за лични податоци (име и презиме, место и датум на раѓање, матичен број, адреса на живеење, датум на издавање и рок на важење на личната карта и државјанство) на **физичкото лице резидент** кое е одговорно лице на овластениот

менувач, со која се потврдува дека податоците содржани во изјавата се негови и точни, заверена од овластено лице (нотар);

- Изјава за лични податоци (име и презиме, место и датум на раѓање, матичен број, адреса на престојот во Република Северна Македонија, датум и место на издавање, рок на важење и број на дозволата за престој и државјанство), на **физичкото лице нерезидент** кое е одговорно лице на овластениот менувач, со која се потврдува дека податоците содржани во изјавата се негови и точни, заверена од овластено лице (нотар);

- Изјава од одговорното лице на овластениот менувач, дадена под целосна кривична и материјална одговорност, дали заедно со друго физичко лице директно или индиректно и/или преку договор, остварува контрола врз домашно или странско трговско друштво, заверена од овластено лице (нотар);

- Доказ од надлежен орган кој содржи податоци за називот на правните лица во кои одговорното лице на овластениот менувач е евидентирано како основач, сопственик, содружник, член на орган на управување или надзор, не постар од 1 (еден) месец пред денот на доставувањето.

Во однос на обезбедувањето доказ дека против одговорното лице на овластениот менувач не е изречена правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, сè додека траат правните последици од пресудата, **Ве известуваме дека Народната банка, по службена должност, од надлежниот суд ќе обезбеди потврда за (не)осудуваност на физичкото лице - резидент.** Доколку одговорното лице на овластениот менувач е странско физичко лице, покрај горенаведените податоци и документи, потребно е овластениот менувач да достави и потврда од надлежна институција во странската земја за (не)осудуваност на физичкото лице, не постара од 6 (шест) месеци пред денот на доставувањето.

Во периодот што следи ќе бидете контактирани од вработени во Дирекцијата за вонтеренска супервизија и лиценцирање во однос на документацијата која треба да се достави до Народната банка и доколку имате потреба од дополнителни прашања или информации за новата Одлука за менувачките работи, стоиме на располагање во интерес на заедничката соработка.

Со почит,

Генерален директор
Викторија Глигорова

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
BANKA POPULLORE E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SHKUP
СКОПЈЕ